УДК 159.953.5:659.2/3.01

Александар ИЛИЕВСКИ

# ПРОЦЕСИТЕ НА МУЛТИМЕДИСКАТА КОМУНИКАЦИЈА ВО УЧЕЊЕТО

Прашање мошне комплексно, актуелно и суптилно, што претпоставува тимски и интердисциплинарен потфат. Тоа има свои историски димензии, своја современа актуелност, а би рекле и свои футуролошки димензии. Тоа е мошне значајно прашање, како од семантички, така и од развојно-концепциски, есенцијален и фундаментален аспект.

Со оглед на тоа што живееме во време на бурни и динамични промени во сите сфери на секојдневната комуникација и опстојување, во време на електрониката, енергетиката, автоматизацијата, информатизацијата, компјутеризацијата, во време кога перманентно никнуваат нови научни сознанија и во сферата на работиката, молекуларната биологија, генетското инжињерство, биотехнологијата, технологијата на новите материјали, а и низа иновативни зафати, покрај напред споменативе, во тој контекст и мултимедиската комуникација во процесот на учењето и во секојдневното живеење, зазема сè позабележително место. Во таа смисла, денес може да се зборува и за т. н. „школа во станот", „школа во родителскиот дом" и слично, бидејќи во ерата на перманентното образование и перманентното учење, системот на мултимедиската комуникација во сферата на учењето, работењето и секојдневното живеење, добива сè поголема нагласка на човековата егзистенција и креативна моќ. Така, денес новата образовна технологија (НОТ) и новата информатичка технологија (НИТ), се предмет на научни собири во земјата, во Европа и во светски релации. Се организираат научни собири во земјата и странство, пред сè од страна на ОЕЦД, ЦЕРИ и други научно-стручни асоцијации, низ кои се обавуваат низа значајни студиски проекти и во оваа сфера, а посебно во рамките на новата информатичка технологија. Така, денес се смета дека 58% од занимањата се изведуваат со помош на компјутерите и на современата модерна образовна технологија.

Во иднина повеќе ќе се говори за учење, отколку за традиционална настава. Ќе се учи со помош на компјутери, радио и ТВ, видео и аудио-касети, полупрограмирани и програмирани секвенци и др. Во тој контекст, со право забележува Торенс дека: „Иднината на нашата цивилизација зависи од

креативната имагинација на идните генерации". Или уште поилустративно Ерих Фром ќе рече: „Човекот е толку голем, колку што е активен". Во таа смисла, би потсетиле, а во врска со перманентното учење кое трае во текот на целиот работен и животен век, на мислата на Ајнштајн каде неговите заложби се пред сѐ насочени за стекнување на фундаментална општообразовна култура уште во текот на редовниот систем на школување, каде се поставуваат темелите на општата култура на личноста на човекот, индивидуата, субјектот како креатор на секојдневната стварност и активност. Во неговата позната анегдота по однос на изучувањето на физиката во основното и средното образование, кога го запрашеле новинарите-Зошто Ајнштановата теорија за релативноста не е разбирлива, тој шеговито им одговорил: „Затоа што не сте учеле пред својата осумнаесетгодишна возраст".

По кусиот пристап кон проблематиката, би потсетиле на некои историски димензии на прашањето во врска со тоа. Историски погледнато техничко-технолошкиот изум на масовните комуникации може да се каже, се појавиле во еден одреден временски период. Да потсетиме на некои појавни тенденции и откритија на овој план. Така на пример, Самуел Морзе и Чарлс Витсон, како што е познато во науката, во 1840-та година го пронашле телеграфот. Потоа во 1876 г. Бел ја открил телефонската комуникација. Во 1923 година е откриена телевизиската комуникација. Од 1920-та година функционира радиотелевизискиот систем, од 1930-та година и телепринтерскиот систем, а од 1962 година и комуникацискиот сателит".[1] Денес може слободно да се говори за експанзија на учењето и експлозија на знаењата, кои во прв ред се стекнуваат преку масс-медиумската комуникација (печатот, радиото, телевизијата, филмот и др.). Со средствата за масовно комуницирање, индивидуата сѐ повеќе навлегува во тајните на природата, во суштината на современиот и модерен свет.

Така денес, како што е познато во светски релации, на пример, вербалната комуникација се манифестира низ околку 3500 јазици, од кои на Афричкиот континент-1250 јазици, во Европа-28; Азија-23; Индија-15 јазици и сл. Помеѓу 1955-та година, светската продукција на книги се удвостручила. Во осумдесеттите години на столетиево во светски релации, излегле од печат околу осум милијарди книги, со околу 590 илјади наслови. И не само во сферата на печатот, туку и радио-дифузијата бележи перманентен пораст. Во прилог на ова говори и фактот, што на пример до 1950-та година во светски релации, само педесетина од нив, од кои 23 од Африка не поседувале радио-станици.

И во поглед на појавата и развитокот на телевизиската дифузиска мрежа во светски релации е присутна бележита експанзија. Имено, како што е познато во науката, на пример во Европа ТВ-емисиите започнуваат од 1936-та година и тоа најнапред во Англија и во Франција. Така во 1950-та година, веќе пет земји имале ТВ-центри, а во 1955-та година околу 17. Тој

[1] Наведено според: Mnogo glasova jedan svet, Komunikacija i društvo, „Tanjug", Bgd., 1982, c.10.

број во 1960-та година се искачува на 68 ТВ-центри, а во седумдесеттите години во светски релации околу сто земји имале ТВ-центри.[2]

Кога сме кај средствата за масовно комуницирање, да го споменеме и филмот, како значајно информативно-културно и образовно-воспитно медиумско средство. Неговата продукција е во перманентен пораст. Да потсетиме само на еден показател. На пример, светската продукција на играни долгометражни филмови, годишно изнесува некаде околу 3000 филмови. Во 1977 година Индија била најголем производител со 557 филмови, Јапонија со 337, Франција 222, Италија 165 филмови и др.

Слична е состојбата и со компјутерската дифузија на знаењата. Денес, како што е познато, компјутерите можат да извршуваат околу милијарда операции во секунда, во споредба со првиот откриен компјутер во 1944-та година. За илустрација, како што се вели во споменатиов извор „една плочкица со дебелина од наполитанка, која изнесува околу 10-15 см., може да зачува повеќе информации, отколку телефонскиот именик на еден голем град".[3]

По кусиов историски преглед, во понатамошниот текст би потсетиле и на некои семиолошко-семантички релации на прашањево, поконкретно за поимската определба на масовната комуникација, се разбира од педагошко-андрагошки аспект.

„MULTIPLE APPROACH-претставува повеќеструков пристап-англиски израз кој во педагошката литература означува истовремено повеќеструков пристап во проучувањето на педагошките појави. Методолошки погледнато, тоа е примена на повеќе постапки со кои се сака да се истражуваат најважните аспекти на некои педагошки појави".[4] Додека пак, мултимедискиот пристап во образованието се разгледува како: „multimedial approach to education; approache multimediale de l'education; Multimedialsystem im Untericht, Multimedial Didaktik, мултимедиални поход и образованию - како начин на концепирање, изведување и валоризација на воспитно-образовниот процес и учење, кој се заснова на законитостите на процесот на учењето и примена на кибернетиката во наставата и учењето"[5].

Во социолошката литература се сретнува и друга семантичко-концепциска определба. Имено, се вели, дека, комуницирањето претставува еден вид „општествен дијалог".[6] И понатаму во споменатиов извор се истакнува, дека: „средствата за масовно општење, претставуваат технички, технолошки и организациони системи, со помошта на кои се остваруваат, произведуваат

---

[2]Ibidem. Посебно за наведените показатели по категорија на масс-медиумска комуникација види стр. 49,63,67 приштo се експлицирани и презентирани споменативе показатели во веќе наведената студија на УНЕСКО.

[3]Idem. Во врска со споменатава проблематика, посебен интерес од студијава побудуваат стр. 71,72,83. За масс-медиумската комуникација, види и :Bertold Breht, Teorija radija, 1932, Ukupna dela-VIII tom, c, 129-190; RTV pedagogija, Zagreb, 1970 особено с. 2; T. Djordjević, Teorija informacija-Teorija masovnih komunikacija, op. cit., поготово с. 231-283 и други.

[4] Педагошки речник 1, Институт за педагошка истраживања, Београд, 1967, с. 596.

[5] Pedagoška enciklopedija 2, Beograd-Zagreb, 1989, c. 72.

[6] Sociološki leksikon, „Savremena administracija", Bgd., 1982, c. 352.

и пренесуваат пораките и содржината во процесите на масовното општење”.[7] Па во тој контекст, во веќе споменатиов труд, средствата за масовно комуницирање се диференцираат во две фундаментално-развојни насочувачки групи на информативно-комуникативни канали на печатени средства (во кои се вградуваат весниците, книгите, списанијата, плакатите, летоците и другите пишувани материјали), од една страна и на електронски средства (во кои се вбројуваат радиото, телевизијата, филмот, видеорикордерите, аудио и видео-касетите и други).[8]

Прашањево што е предмет на нашето интересирање има свои мулти димензионални релации од интердисциплинарна природа: филозофски, социолошки, психолошки, гносеолошки, социолингвистички, комуникативно-медиски, дидактичко-ерголошки, педагошко-андрагошки и др. Ние накусо би потсетиле на одделни професионално-научни опсервации, особено на последниве две димензии, што имат посебно место и значење во сферата на едукацијата.

Во тој контекст, Комуникативната дидактика (Komunikative Didaktik) посебно место и значење посветува на массмедиумската комуникација во процесот на учењето, преку примена на мултимедискиот систем на стекнување и дисеминација на знаењата и дифузија на сознајните процеси и односи во сферата на комуницирањето. Во рамките на овие настојувања денес покрај примената на компјутерите и средствата за масовно комуницирање имаат голема улога во усвојувањето на знаењата и умеењата во процесот на мисловната, творечката и критичко-креативната апсорбција на сознајните процеси. Впрочем, тоа го бара и современата нова, модерна настава и учење, т. н. „нова школа”, „иновативна школа”, бидејќи старата вербална настава е одраз на минатото, на т. н. „стара” - „книшка” школа, на бубање и механичко учење.

Денес, таа сè повеќе е присутна во сферата на активното едуцирање, активното, творечкото, имагинарното, критичко-развојното мислење, а и учење по пат на компјутери и примена на модерна образовна технологија. И не случајно, во одделни извори, во рамките на Дидактиката-како општа теорија на наставата, образованието и учењето, истата студиска дисциплина, како на пример кај Шефер, Шалер и други, оваа студиска наставно-научна дисциплина се диференцира како теорија на комуникациите и информациите, односно се употребува терминот: Комуникативна дидактика.[9]

Денес во литературата се присутни бројни извори од соци-педагошки и андрагошки аспект, кои повеќе или помалку вршат одредена експлорација и експликација од научен аспект на массмедиумската комуникација.[10] Во

---

[7] Ibidem, с. 664.

[8] Idem.

[9] Поопстојно за ова види: König-Riedel, Sustemtheoretische Didaktik, Basel, 1979, S. 5.

[10] Со оглед на просторната ограниченост, на ова место потсетуваме на некои извори. На пример: Đorđević, T., Teorija informacija - Teorija masovnih komunikacija, Bgd.1979; Đinić, F., Nauka o komuniciranju, Bgd., 1978; Plevnik, D., Informacija je komunikacija, Zagreb, 1966; Video v izobraževanja odraslih, „Univerzum”, Ljubljana, 1988; Viner, N., Kibernetika, Bgd., 1973; Klajić, Br., Rječnik stranih reči i izraza i kratica, Zgr., 1958; Matijević, M., Suvremena organizacija obrazovanja odraslih, „Školske novine”, Zagreb, 1985; Pletenac, Vl., Odgojna i obrazovna funkcija televizije, „Š. N.”, Zgr., 1986 и др.

поглед на дидактичката сфера интересен пристап на комуникациите презентира и В. Пољак.[11] Истиов автор семантичко-семиолошки употребува повеќе синтагми по споменатово прашање, како на пример: интерперсонална, невербална, вербална, персонална, стратегиска, масовна комуникација, телекомуникација, потоа говори за симетрична и асиметрична, еднонасочна и двонасочна комуникација, комуникација од отворен и затворен вид итн.[12]

Споменатиов автор мошне опстојно говори за процесите на мултимедиската комуникација во учењето и притоа прави систематичен, аналитичко-синтетички и продлабочен пристап кон оваа есенцијална и фундаментална проблематика и тоа во услови на акцелеративните текови и процеси на барањата што денес ги поставува реформата на школството во сите нејзини сегменти на воспитно-образовната активност, почнувајќи од базичното, па сè до образованието на високошколско ниво и образованието на возрасните.

Во споменатиов извор, тој мошне експлиците ги разработува сите процеси и односи тесно сврзани за „внатрешната", т. н. педагошка реформа, и со надворешната реформска креација на воспитно-образовната активност, при што неговите определби се - за еден модерен, современ, отворен, флексибилен систем на образование и учење, во институционални и вонинституционални рамки. Во тој контекст, може да се каже дека процесите на мултимедиската комуникација претставуваат одреден интерес и научна опсервација на т. н. комуникативна дидактика, информатичко-кибернетичка дидактика, андрагошка дидактика и други.[13]

Не помала важност во поглед на сознајните процеси по однос на Медиологијата има Умберто Еко.[14] Тој говори за четири фундаментални сфери на човековото комуницирање, и тоа: 1. јазично прикажување (во кое значајно место зазема говорната комуникација и неговата манифестација низ усниот говор, драмското прикажување и писмениот израз); потоа 2. мануелната презентација (што се реализира преку разни начини и патишта, а имено: пишувањето, сликовната и сметачката презентација и реализација); 3. музичка презентација на човековото манифестирање и изразување и 4. гимнастичко презентирање и манифестирање на активностите во човековата креативно-имагинативна манифестација и реализација".[15]

---

[11] Pojak, Vl., Didaktičke inovacije i pedagoška reforma škole, „Školske novine", Zagreb, 1984 посебно види, с. 130-137.

[12] Ibidem, с. 130.

[13] Ibidem. Заради потсетување, на ова место нотираме дека во осумдесеттите години на столетиево, Кубе, дидактиката ја дефинира како информатичко-кибернетичка дидактика, додека пак, Винкел, дидактиката ја дефенира како критичко-комуникативна дидактика. За ова види: Cube, F., Kubernetisch-informations theoretische Didaktik, Westermans Pädagogische Beitrage, од 30.III.1980, потоа, Schäfer, K. N. -Schaller, K., Kritische Erziechungwisseschaft und komunikative Didaktik, Heidelberg, 1976, и др.

[14] Umberto Eko, Kultura, informacija, komunikacija, „Nolit", Beograd 1973.

[15] Umberto Eko, Kultura, informacija, komunikacija op. cit., с. 177. Покрај веќе споменатиов извор, поопстојно за овие четири сфери на човековото комуницирање, во поглед на дидактичко-архитектонската опсервација, види: Паул Фикер, Дидактика нове школе, Београд, 1937, с. 197-246.

Заради порељефно и попластично презентирање на процесите на масовното комуницирање, Умберто Еко ги разработува и познатите три суштински видови на говорната комуникација, во прв ред, се разбира поаѓајќи од познатите семиолошки барања во однос на комуникациите, а сѐ со цел истите да бидат експлицирани во суптилна и есенцијална форма. Имено, како што е познато Аристотел говори за три битни компоненти на т. н. вербална, односно говорна комуникација и тоа: 1. за т. н. делиберативно излагање, односно, истото да биде јасно, разговетно, суштинско, мисловно-логички; 2. јуридистичко, т. е. тоа да има нормативно-законска, правна регулатива и потпирање врз адекватни и логичко-правни основи; и 3. епидеиктичко излагање, односно, истото излагање да ги поседува бараните естетско-уметнички вредности да биде застапено во самата говорна комуникација.[16]

Во тие рамки се и семиолошките барања на говорната комуникација, или како што истакнува Умберто Еко, културата во нејзината суштина претставува комуникација.[17]

Еден од основачите на Комуникацијата и Медиологијата, како научна дисциплина е Маршал Меклуан.[18]

Мекдоналд ѝ придава посебно место и значење на Меклуановата „Гутембергова галаксија.[19]

Меклуан во „Гутембергова галаксија" говори„... за електронската доба на телеграфот, телефонот, фонографот, фотографијата, радиото, филмот, телевизијата и автоматизацијата"[20] Или како што понатаму се истакнува во споменатиов извор, тоа е т. н. „златна доба", што ја предизвикува информатичката револуција".[21]

---

[16]Ibidem, c. 27.

[17]Idem, c. 207.Според Умберто Еко: „Семиологијата ги проучува сите културни феномени како системи на знакови, поаѓајки од хипотезата дека и во стварноста сите културни феномени се системи на знакови, односно комуникациски феномени", (Idem, c. 21).

[18] Како што е познато во науката Маршал Меклуан е роден 1911 година во гр. Едмонт, 3. Канада. Дипломирал филозофија и англиска книжевност. На Виндзорскиот универзитет во Кембриџ ја одбранил докторската дисертација за реториката на Томас Наша (англиската книжевност од XVI-от век). Токму во неговата докторска дисертација прави еден интердисциплинарен потфат во развојот на говорната комуникација од повеќе аспекти. Неговиот научен опус го красат бројни студии, а позабележителни се: Гутенбергова галаксија, 1962 г., и Познавање општила, 1964 г., и други.

Во првата студија мошне опстојно е разработена говорната комуникација. Поопстојно за ова види: Marchal Mac Luhan, The Gutemberg Galahu, Univerzity of Toronto, Press, 1962; потоа: MAKLUANOVA GALAKSIJA, „Prosveta„, Beograd, 1982 (drugo dopunjeno izdanje). Додека пак во втората студија опстојно е презентирана електронската комуникација, почнувајќи од почетокот на XX век, па сѐ до денес. Во врска со тоа Елиот ќе забележи: „Неговите списи (се мисли на Меклуан- н. з.), можат да се најдат во најубавите интелектуални тромесечници. Далекусежноста на неговата ерудиција и блескавоста на неговите идеи биле неоспорни". (Makluanova galaksija, op. cit., c. 140). Додека пак Том Вулф го споредува Меклуан дури и со Ајнштајн, Дарвин, Фројд и други научници- великани на светската цивилизациска мисла. (Ibidem).

[19] Makluanova galaksija, „Prosveta" Beograd, 1982, c. 166.

[20] Ibidem, c. 168.

[21] Ibidem.

Говорната комуникација, потоа времето на печатот и абецедата, како и најновата доба на електронската медиологија, се трите крупни историски фази во развитокот на медиската комуникација на човековото цивилизациско живеење и опстојување од најрана доба, па сè до денес. Во „Гутембергова галаксија" Меклуан приматот го става на фонетското писмо, притоа истакнувајки дека: „Културата во уметнички поглед може да се издигне далеку над цивилизацијата, но без фонетското писмо таа останува племенска..."

Во поново време, во услови на информатичката доба во која постепено зачекоруваме, може да се каже дека информатичката технологија во сферата на техничката цивилизација има определувачко и суштинско влијание врз новите развојни трендови на иновациско-информатичките текови. Така денес Медиската педагогија, односно Медиската дидактика, станува сè понеопходна во наставната технологија.[23]

Кога говориме за средствата за масовно комуницирање, посебен интерес на тој план претставуваат и прашањата на истражувачката дејност што е вршена во оваа сфера од повеќе интердисциплинарни аспекти. Тука во прв ред би потсетиле на психопедагошките, социопсихолошките, дидактичко-андрагошките и други.

Во поглед на истражувањата во сферата на масс-медиската комуникација, како што е познато во науката, сè до триесеттите години на нашево столетие, истражувањата на овој план скоро и не биле забележителни, односно истите биле во зародиш. Нешто подоцна, истражувањата на овој план биле насочени кон испитувањето на јавното мислење, на социо и психолошките истражувања во повеќе европски земји, потоа во САД и во другите земји.

Перманентното учење и учењето како интердисциплинарен феномен е мошне интересно и за проучување и во оваа суптилна сфера. Во оваа област има одредени истражувања од психолошки и педагошко-андрагошки аспект.

Иван Фурлан мошне пластично ги презентира сознајните процеси како комуникативен однос. Во врска со тоа тој вели: „Според теоријата на информациите, учењето се смета како процес на комуникација: за време на учењето се пренесуваат информации од некои извори на знаења на оној кој учи, т. е. на ученикот".[25] И понатаму И. Фурлан подвлекува„... процесот на учењето се состои во пренесување на знаења (поими, факти, информации) или умеења, од оној кој тие знаења или умеења ги поседува, на оној кој нив треба да ги усвои или да ги научи".[26] Стекнувањето на информациите низ процесот на учењето мошне пластично ги презентира и Брунер. Во врска со

[23] Кога говориме за масс-медиската комуникација, треба да се истакнат и библиотеките како значајни воспитно-образовни и комуникациски центри за дисеминација на знаењата. Заради тоа, потсетуваме дека во осумдесеттите години на столетиево од 131 земја во светски релации, околу 116 земји поседувале свои сопствени национални библиотеки со вкупен книжен фонд од 160 милиони книги од кои една четвртина биле поместени во националните библиотеки на САД и СССР, а во 10 европски земји имало околу 50 милиони книги во националните библиотеки. (Mnogo glasova jedan svet, op. cit., c. 76).

[25] I. Furlan, Učenje kao komunikacija, Pedagoško- književni zbor, Zagreb, 1967, c. 83.

[26] Ibidem, c. 109

тоа, проучувајки ја психологијата на децата низ процесот на учењето тој забележува дека„... детето своите успеси или неуспеси во учењето ги доживува не како награди, туку како информации”.[27]

Учењето треба да се сфати како двонасочна комуникација, а и како мултикомуникациски процес и однос. Таквата комуникација низ процесот на учењето, овозможува отворање на процесите на интензификација, рационализација и ефектуираност во поглед на совладувањето на наставното градиво, конзумирање на воспитно- образовни содржини, стекнување одреден степен информации, овозможување регулациски однос во трансферот на знаењата при напредувањето во текот на учењето и сл.

Од аспект на учењето кај возрасните, се поставува и прашањето на разновидна и динамична наставна комуникација во апсорбцијата на знаењата низ повеќето институционални и организациони форми на учење, како што се: школско-курсниот, мултимедискиот систем на комуникации, наставата на далечина и сл. Ова е подеднакво значајно и во сферата на формалното, а и во неформалното образование на возрасните. Покрај тоа во андрагошката сфера забележително место од образовните форми наоѓаат и кондензираните курсеви, наставата на далечина, самообразованието и др.

Кога говориме за процесите на мултимедиската комуникација во учењето, треба да се истакне дека особено во сферата на едукацијата факторот активност и креативност, е од посебен интерес и значење, како за консументите (учениците-реципиентите), така и за изворите за стекнување на знаења. Тука мултимедиската комуникација е од посебен интерес и значење, како за процесите на учењето, така и за „светот на работата” и секојдневното живеење и комуницирање.

Интерес во истражувачката дејност кај E. Dale[28] во сферата на психологијата на учењето предизвукуваат и оние истражувања, особено во психологијата на учењето кај возрасните. Имено, E. Dale во своите истражувања, докажува дека 87% од искуството се стекнува по визуелен пат, при што секако значајно место има и книгата.[29] Истражувањата по пат на експеримент што ги вршел Richov J. Hill[30] на студентската популација по однос на стекнување знаења по пат на масс-медиската комуникација, докажале дека телевизијата има најголема партиципација во психологијата на учењето кај субјектите. Во прилог на констатацијата говори и прегледов што следува[31]

---

[27] Ibidem, c. 181.

[28] M. Ogrizović, Problemi andragogije, Zagreb, 1966, c. 105.

[29] Ibidem.

[30] Ibid., c. 107.

[31] Idem. Во таквиот сложен процес и однос на учење треба да се подвлече и улогата на сознајните процеси во стекнување на знаења, при што се истакнува дека: „...со чулата за слух се усвојува околу 20%, со чулата за вид околу 30-50%, истовремено со чулата за слух и вид 50 до 70%, со говор и со работа до 90% од изложените факти”. (Види: T. Prodanović, Odgojnoobrazovna i nastavna sredstva, Zagreb, 1962, c. 5.). За психологијата на учењето кај возрасните види и: Б. Самоловчев, Можности и граници за учење на возрасниот човек, Скопје, 1970, особено с. 7-18 и 24-29; потоа V. Andrilović, Kao odrastao čovjek uči, Zagreb, 1976,M. Zvonarević, Primjena psihologije u obrazovanju odraslih, Zagreb, 1962;Istiot Socijalna psihologija, Zagreb, 1976, и други.

| Усвојување на знаења по пат на: | Резултати во% |
|---|---|
| – телевизија | 77,2 |
| – радио | 69,2 |
| – читање | 65,1 |
| – предавања | 64,9 |

Извор: M. Ogrizović, Problemi andragogije, Zagreb, 1966, s. 107.

Слични истражувања и проучувања, постојат и за телевизискиот медиум, како масс-комуникациски канал за пренесување на знаењата и информациите. Во тој контекст покрај другите, интерес пројавуваат истражувањата и проучувањата што ги вршеле и Теодор Адорно, Жан Казнев, J. Думазедие и други.[32] Тука би го спомենале и Роже Клос кој инсистира на продорот на телевизискиот масс-медиски канал сред широкиот аудиториум, односно тој медиски канал да биде достапен на целокупната популација, без оглед на возраста и степенот на образованието.[33]

Кога веќе станува збор за телевизијата како масс-медиумски канал за пренесување и дифузија на знаењата и информациите, како и на низа други институционални и вонинституционални форми за стекнување на знаења, би потсетиле на некои попривлечни и во светски релации познати форми на комуникација во учењето. Да потсетиме на некои од нив, како на пример: Отворениот универзитет (Open University), во Велика Британија, HNR (PTB) во Јапонија, RAI во Италија, потоа во СССР тоа се т. н. студии познати под името „Заочное образование". Во Шведска тоа е познатиот мултимедиски систем (заснован на принципот „Grundbuch„), Во Германија познатиот SIM (Studium im Medienverbund), во Индија-во Њу Делхи познатите „контактни студии", во доскорешната Источна Германија, тоа се т. н. „комбинирани студии", во З. Германија развиените студии во Минхен и Тибинген, во Холандија, Норвешка, САД, Канада, во Загреб „Биротехника", во Белград „Школата на самоуправувачите", во Љубљана „Универзум" и други.[34]

Процесите на мултимедиската комуникација во учењето се мошне интересни за научна експлорација и експликација на есенцијалните и фундаментални прашања со интердисцилинарен потфат, од аспект на педагогијата, психологијата, филозофијата, социологијата, дидактиката, андра-

---

[32] Ž. Kaznev, Sociologija radio-televizije, BIGZ, Bgd., c. 67.

[33] Ibidem, c. 69, Според некои истражувања по овие витални прашања од масс-медиумската комуникација, докажано е дека, на пример, во Европа едно 10- годишно дете неделно проведува по 24 часови, а скоро и по толку часови останува покрај ТВ-екранот. Во САД едно шеснесетгодишно момче или девојка, околу 15 илјади часови проведуваат покрај ТВ-екраните. (Наведено според: Mnogo glasova jedan svet, Komunikacija i društvo danas i sutra, op. cit., c. 26). Во врска со ова види и: RTV pedagogija, Zagreb 1970, особено с. 57 и 64.

[34] Поопстојно за ова види: Б. Самоловчев, Основи на андрагогијата, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје, 1981; Истиот: Savremeni tokovi u obrazovanje, odraslih, „Misao", Novi Sad,1987;S. Pongrac, Dopisno obrazovanje, Andragoški centar, Zagreb, 1972; Истиот- Komunikacija u dopisnom obrazovanju, „Školske novine", Zagreb, 1985, и други.

гогијата, кибернетиката, информатиката, комуникологијата, медијатекерството, ергологијата, ергономијата, кадрологијата и во сите други научни дисциплини, бидејки скоро во сите студиски дисциплини длабоко понира, особено во современи услови на живеење, масс-медиумската комуникација.

Тие процеси се подеднакво значајни и од научен и од општествен; и од теориски и од практичен аспект. Нивното експликативно поимање е мошне интересно за проучување и подлабоко истражување подеднакво на сите средства за масовно комуницирање (печатот, радиото, телевизијата, филмот и други), особено во процесите на формалното и неформалното образование. Кога зборуваме за формалното образование, пред сѐ мислиме на неговата институционална дифузна поставеност каде се врши десиминација на знаењата и обично се доаѓа до одреден степен на сертификатно и промотивно образование, било преку редовниот систем на образование, или пак преку образованието од работа и низ работа.

Додека пак во сферата на неформалното образование, мулмедискиот систем на учење и секојдневно комуницирање е мошне значајно прашање, со оглед на функциите што ги има младиот човек, а особено возрасните и како родители и како воспитувачи, а и како непосредни производители и носители на севкупната општествена репродукција. Оттука се иницира и потребата од неформално, несертификатно образование, туку образование во еден комплексен пристап, а сѐ со цел задоволување на широките и разновидни образовни и културни потреби за сите сфери и дејности на човековата секојдневна активна креација и комуникација, пришто средствата за масовно комуницирање имаат посебна улога и функција. Ова е дотолку значајно што во услови на научно-техничката и технолошката револуција, во услови на информатичкото живеење, каде приливот на информациите перманентно расте, и неформалното образование станува посебен субститут во квантумот и квалитетот на знаењата за успешно комуницирање, опстојување и активно живеење. Иновативното учење, постанува не помодарство, туку неопходна и секојдневна потреба, односно да се живее со денешнината - за утрешнината, во филозофска смисла на зборот.

Процесите на мултимедиското учење како комуникациски однос во себе ги субсумира и когнитивните, емотивните и волеви процеси, зашто учењето е еден систематски, сеопфатен, траен и комуникациски однос, при што бара комплексен ангажман на личноста како субјект во процесот на перманентното учење. Во тој контекст и новата информатичка технологија има посебен придонес во апликација на современи модели на иновациско учење, преку системот на мултимедиската комуникација, што ги иницира и прашањата на т. н. „мобилно образование", што е есенцијално во сферата на комуникологијата, а во услови на т. н. „видео-цивилизација" и во услови на „компјутерското општество" во кое навлегуваме.

Ова е дотолку значајно што методологијата, методиките и техниките на учење претставуваат камен-темелник во перманентното и доживотно учење. Во тој контекст и вториот и третиот андрагошки пат во стекнување на знаењата се од посебен интерес во психологијата на учењето кај возрас-

ните, а и кај младата популација за дооформување на образованието, особено за невработените и оние што од „светот на образованието”, стапуваат во „светот на работата”. Оттука и процесите на мултимедиската комуникација во учењето, треба да претставуваат еден доживотен процес на непрекинато учење и образование, не само во институционални, туку и пошироко во вонинстутиционални рамки на секојдневната активна и мобилна комуникација на субјектот како креатор на секојдневната стварност и активност.

Aleksandar ILIEVSKI

## LES PROCESSUS DE LA COMMUNICATION MULTIMEDIALE DANS L'APPRENTISSAGE

(Résumée)

Dans les conditions du progrès scientifique et tèhnique et dans le temps d'utilisation des mèdias èlectroniques modernes, la communication des aptitudes crèatives des èlèves, des participants et des rècipiants dans les processus de l'apprentissage du monde actuel s'acquiert de nouvelles valeurs transformationnelles.

Les mass-médias dans ce monde bigarré ont cértaines implications dans des conditions d'une société informatise où nous nous sommes engagés et dans les cadres d'une culture traditionelle qui, de plus en plus, cède la place au nouveau, au moderne, à l'esthétique, à l'artistique, au communicatif ainsi qu'aux autres orientations.

Cette question est très complexe, actuelle et essentielle et a de relations pluridimensionnelles qui nécéssitent pour son approfondissement un engagement d'équipe et interdisciplinaire.

Dans ce contexte, nous allons rappeler ici brièvment certaines questions qui concernent particulièrement ce problème et qui font l'objet d'une recherche et d'une explication scientifique dans les cadres de la pèdagogie et didactique des mass-médias, prenant en considérationales imensions pèdagogiques et andragogiques de cette question sont très flexibles.